[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

Архивски бр. 11-11296/2
Дата: 09. 12. 2014

До: ДГТУ "ГАМА ГРАДБА" ДООЕЛ
ул. "1", бр. 1, н. Љубош, Батинци
општина Студеничани


Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk


Предмет: Доставување на Мислење

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Мислење со број 11-11296/2 по доставено известување за намера за изведување на проект: површинска експлоатација на минерална суровина – варовник, на локалитетот "Крст - Осинчани" во општина Студеничани, за потребите на инвеститорот ДГТУ "ГАМА ГРАДБА" ДООЕЛ од Скопје.

Со почит,

МИНИСТЕР
Nurhan Izairi

Изготвил: Влатко Цветаноски
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

Архивски бр. 11-11296/2
Дата:

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До: ДГТУ "ГАМА ГРАДБА" ДООЕЛ
ул. "1", бр. 1, н. Љубош, Батинци
општина Студеничани

Предмет: Мислење

Во врска со Вашето известување за намера за изведување на проект со број 11-11296/1 од 10.11.2014 година, кое се однесува за проект: површинска експлоатација на минерална суровина – варовник, на локалитетот "Крст - Осинчани" во општина Студеничани, за потребите на инвеститорот ДГТУ "ГАМА ГРАДБА" ДООЕЛ од Скопје, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

МИСЛЕЊЕ

За изведба на проект: површинска експлоатација на минерална суровина – варовник, на локалитетот "Крст - Осинчани" во општина Студеничани, не треба да се спроведува постапката за оцена на влијанието врз животната средина, а инвеститорот е должен да изготви Елаборат за заштита на животната средина.

*Образложение*

- Од Ваша страна беше доставено известување за намера за изведување на проект: површинска експлоатација на минерална суровина – варовник, на локалитетот "Крст - Осинчани" во општина Студеничани, за потребите на инвеститорот ДГТУ "ГАМА ГРАДБА" ДООЕЛ од Скопје. Површината на просторот на концесијата за експлоатација изнесува 0,047204km$^2$ (4,7204 ha), додека површината на експлоатационото поле изнесува 0,044309 km$^2$ (4,4309 ha);

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

- Согласно Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина (Службен весник на Република Македонија бр. 74/2005, 109/2010 и 164/2012), проектот припаѓа во Прилог II - Проекти за кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина (Генерално определени проекти), точка 2 – Експлоатација или екстракција на минерални суровини, подточка (а) – каменоломи, сите видови на површински копови и експлоатација или екстракција во тресетишта што не се вклучени во Прилог I;
- Од доставената документација констатираме дека со изведување на проектот: површинска експлоатација на минерална суровина – варовник, на локалитетот "Крст - Осинчани" во општина Студеничани, нема да има значителни влијанија врз животната средина и за таа цел не треба да се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина, а инвеститорот се задолжува да изготви Елаборат за заштита на животната средина согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013) во кој ќе се предвидат сите можни негативни влијанија врз медиумите на животната средина и здравјето на луѓето, како и програма за мерките предвидени за заштита на животнат средина, и истиот да го доставите до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање на негово разгледување и одобрување.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот

Изготвил: Влатко Цветаноски
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска

Управа за животна средина
Директор
Игор Трајковски